0201-385 , 29.11.2023

NLB Banka

## Собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

## Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

Врз основа на член 39 став 1 точка 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница, одржана на ден 29.11.2023 година ја донесе следната

## Одлука за измени и дополнувања на Статутот на НЛБ Банка АД Скопје

**Член 1**
Во Статутот на НЛБ Банка АД Скопје се вршат следните измени:

**Во член 61 став 2** зборовите "**4 (четири)** " се менуваат и гласат "**3 (три)** ".

**Член 2**
**Во член 64-г , во ставот 1, по алинеја 5 се дополнуваат четири алинеи и тоа :**

"-Раководи со директорот на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти;
- Раководи со директорот на Секторот за поддршка на продажба на корпоративни клиенти;
- Раководи со Раководителот на Службата за Микро претпријатија "

Постоечката **алинејата 7 "Раководи со Советниците на Управен одбор по област која спаѓа во неговите надлежности и Помошник/ци на Управниот одбор на банката"** станува **алинеја 14.**

**По промената ставот 1 од Член 64-г гласи:**

Претседателот на Управниот одбор на Банката ги врши следните работи:
- Ја застапува Банката согласно Законот и Статутот на Банката;
- Коодлучува по предлози од надлежност на колективно одлучување;
- Раководи со седниците на Управниот одбор;
- Раководи со седниците на Колегиумот на Банката;
- Раководи со директорот на Секторот за правни работи и секретаријат;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти;
- Раководи со директорот на Секторот за поддршка на продажба на корпоративни клиенти;
- Раководи со Раководителот на Службата за Микро претпријатија;
- Раководи со директорот на Центарот за управување со човечки ресурси;
- Раководи со Директорот на Сектор за развој на понуда и маркетинг;
- Раководи со директорот на Секторот за финансиско управување;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за финансиски пазари и средства;
- Раководи со Советниците на Управен одбор по област која спаѓа во неговите надлежности и Помошник/ци на Управниот одбор на банката

**Ставовите 2 и 3 од член 64-г остануваат непроменети.**

**Член 64-г, став 4 кој гласи:**

Третиот член на Управниот одбор ги врши следните работи:
- Ја застапува Банката согласно Законот и Статутот на Банката;
- Коодлучува по предлози од надлежност на колективно одлучување;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа;
- Раководи со директорот на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти

- Раководи со директорот на Секторот за поддршка на продажба на корпоративни клиенти;
- Раководи со Раководителот на Службата за Микро претпријатија;
- Раководи со Советниците на Управен одбор по област која спаѓа во неговите надлежности

**СЕ БРИШЕ.**

**Член 3**
**Во член 65, став 6** зборовите **"најмалку половина"** се менуваат и гласат: **"мнозинство".**

**Во член 65, став 7 се менува и гласи:**

"Управниот одбор одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови".

**Во член 65, ставовите 8 и 9 се бришат.**

Последователно со промената, **ставовите 10, 11, 12, 13 и 14** се менуваат и стануваат **ставови 8, 9, 10, 11 и 12.**

**Член 4**
**Во член 74 став 4, алинеја 3** која гласи "**Третиот член на Управен одбор"** се менува и гласи:
**"Помошникот на Управниот одбор надлежен да раководи со Директор на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти и Директорот на Секторот за поддршка на продажба на корпоративни клиенти"**

**Член 5**
**Во член 83-в, во став 4** зборовите "**Третиот член на Управен одбор"** се менуваат и гласат:
**"Помошникот на Управниот одбор надлежен да раководи со Директор на Деловниот сектор за работа со корпоративни клиенти и Директорот на Секторот за поддршка на продажба на корпоративни клиенти".**

**Член 6**
Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да подготви и пречистен текст на Статутот во кој ќе бидат внесени горенаведените измени и дополнувања на Статутот.

**Член 7**
Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор да усвои измени на одлуката, на барање на Народна банка на Република Северна Македонија, во постапката за добивање претходна согласност.

**Член 8**
Оваа одлука стапува на сила на денот на добивање согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Претседавач на
Собранието на акционери
НЛБ Банка АД Скопје